Секој консумент кој ќе купи производ Фанта од 450мл во пластична амбалажа почнувајќи од 06.04.2026 па до 22.05.2026 година, ќе има можност да го искористи кодот под капачето за да подигне подарок “in-game” т.е. виртуелен подарок во самите игри кои се дел од платформата “Fanta Wanta Gaming”:

- Halo Infinite, Forza Horizon 6, Diablo® IV, World of Warcraft®, Call of Duty®: Black Ops 7.

Пакувањата Фанта 450мл пластична амбалажа кои се вклучени во платформата “Fanta Wanta Gaming” се:

- Фанта Портокал (450мл пластична амбалажа), Фанта Тропикал (450мл пластична амбалажа), Фанта Шоката (450мл пластична амбалажа), Фанта Грозје (450мл пластична амбалажа) и Фанта Јаболко Цреша (450мл пластична амбалажа).

Подароците “in-game” т.е. виртуелен подарок во самите игри кои се дел од платформата “Fanta Wanta Gaming” ќе бидат достапни преку coca-cola.mk и преку пренасочување кон подсајтовите на игрите Battle.net, и Activision за игрите Diablo® IV, World of Warcraft®, Call of Duty®: Black Ops 7. За игрите Halo Infinite и Forza Horizon 6 корисникот ќе го добие “in-game” подарокот во форма на ваучер преку својата е-меил адреса со која е регистриран на coca-cola.mk. Подароците веднаш ќе бидат видливи на сметката (account) на играчите во самите игри откако ќе бидат преземани, без при тоа да има дополнителни трошоци од страна на конзументот.

Обезбедени се вкупно 500.000 виртуелни “in-game” подароци, кои ќе се доделуваат се додека има подароци на залиха. За секоја игра се обезбедени одреден број на виртуелни “in-game” подароци согласно глобалното партнерство т.е. договор помеѓу The Coca-Cola Company и Xbox и тоа од следниот вид:

- Halo Infinite
    - Master Chief Armor: Fanta оклоп специјално за Мастер Чиф (Master Chief), за играчите кои ја ценат заштитата, натпреварувањето и победата.
- Forza Horizon 6
    - Fanta inspired Toyota livery: Нов автомобил во твојата гаража во играта, со ексклузивен Фанта дизајн
- Diablo® IV
    - Fanta Orange Portal: Првиот персонализиран Фанта портал
- World of Warcraft®
    - Cooler: Земи го својот уникатен Фанта ладилник (Cooler) во играта
    - Bottle: Земи го своето уникатно Фанта шише (Bottle) во играта
    - Goblin Surfboard: Ексклузивен Фанта mount средство за побрзо движење низ светот на играта.

- Call of Duty®: Black Ops 7
    - Double XP: овозможува играчите да заработуваат двојно повеќе XP

Calling Card: ексклузивна колекционерска картичка која им овозможува на играчите да се истакнат пред другите кои го посетуваат нивниот профил.

Секој консумент може да добие по еден “in-game” подарок неделно и тоа од секој тип на “in-game” подарок само по еднаш или вкупно 5 подароци за време траење на кампањата. Секој код под капачето на промотивните Фанта производи во 450мл во пластична амбалажа може да се искористи само за еден “in-game” подарок и понатаму не може да се користи за учество во Fanta Wanta Гејминг Наградната Игра која се одвива во исто време со оваа кампања.

Подароците се доделуваат на принципот прв-дојден-прв-услужен се додека има расположлива залиха која во моментот на почеток на кампањата изнесува 500.000 вкупно “in-game” подароци. Секој консумент кој сака да го подигне овој виртуелен “in-game” подарок мора да биде полнолетен (18+) согласно политиката на Xbox за овие видови на игри. Возраста ќе биде потврдена пред да може консументот да го подигне подарокот преку coca-cola.mk платформата.

Секој консумент треба да има Xbox сметка или конзола за да може да го подигне подарокот, доколку некој консумент нема Xbox сметка или конзола истиот ќе има можност да го подигне подарокот преку регистрација на матичната платформа на играта надвор од coca-cola.mk платформата. Секој консумент треба да ја поседува играта за која подигнува подарок и поседувањето на играта е на трошок на самиот консумент, додека подарокот е без дополнителни трошоци обезбеден од Coca-Cola Company.

Превземање на подароците т.е виртуелните “in-game” подароци ќе се одвива преку Coca-Cola веб страницата www.coca-cola.mk. За корисникот да може да подигне подарок треба да пристапи преку пребарувачот на својот мобилен телефон, компјутер, лаптоп или таблет и да ја вчита www.coca-cola.mk страницата. По пристапување до страницата потребно е да кликне на банерот на кој има информација за Fanta Wanta Гејминг Подарок “in-game”, а банерот ќе го води до повеќе информации за овие виртуелни подароци и регистрација.

За да може учесникот да креира профил и да се регистрира, неопходно е да ги внесе следните податоци: име и презиме согласно документ за идентификација, валидна адреса за е-пошта и датум на раѓање. Сите корисници што ќе се регистрираат и ќе имаат креирано свој профил, со внесување на кодот од под капачето, а се полнолетни (18+), имаат право да превземат “in-game” виртуелен подарок.

Директен пристап до веб страницата www.coca-cola.mk може да се обедбеди и со скенирање на QR кодот кој е поставен на пакувањата на производите кои учествуваат оваа

кампања и рекламните материјали во продажните места каде се продаваат промотивните Фанта производи.

Откако ќе пристапи до coca-cola.mk веб страната, и ќе кликне на банерот кој ќе го води до микро страната за "in-game" вируелни подароци, корисникот ќе треба да се регистрира првиот пат или најави со својот профил секој следен пат. Откако ќе се најави на својот профил, корисникот ќе биде пренасочен на страна каде ќе треба да избере за која игра од горенаведените сака да подигне "in-game" вируелен подарок. Откако ќе избере за која игра од горенаведените сака да подигне "in-game" вируелен подарок и ќе го избере посакуваниот подарок, корисникот ќе треба да го внесе кодот од под капачето во полето за истата намена. Како следен чекор, корисникот ќе биде насочен за игрите  Diablo® IV, World of Warcraft®, Call of Duty®: Black Ops 7 на battle.net или Activision.; а за игрите Halo Infinite, Forza Horizon 6 корисникот ќе го добие "in-game" подарокот во форма на ваучер преку својата е-меил адреса со која е регистриран на coca-cola.mk. Откако ќе се пријави со својата лична сметка на Diablo® IV, World of Warcraft®, Call of Duty®: Black Ops 7 на battle.net или Activision корисникот автоматски ќе го добие виртуелниот "in-game" подарок; додека за игрите Halo Infinite, Forza Horizon 6 ќе треба да го искористи ваучерот во самата игра.

Важна напомена: Виртуелните подароци "in-game" не се достапни за платформите PlayStation, Nintendo Switch, Steam или некоја друга платформа освен горенаведените.

Доколку не го гледате вашот подарок на платформата на игрицата, пробајте да се одлогирате и повторно да се најавите за да се осигурате дека сте пријавени на соодветниот акаунт. Доколку имате прашања можете да не контактирате на

https://www.coca-cola.com/mk/mk/about-us/contact-us.

Повеќето од овие виртуелни подароци "in-game", се перманентни на вашата корисничка сметка (gaming account), додека некои имаат временски ограничена важност на траење како на пример XP токените кои може да ги искористите само еднаш.

Виртуелните "in-game" подароци се наменети само за корисникот со кој што профил ќе се регистирате при подигнување на подарок, истиот не може да се пренесе на друг играч како подарок или на било кој друг начин.

Секој корисник треба да ја поседува играта за која подигнува подарок, поседувањето на играта е на трошок на самиот корисник, додека подарокот е без дополнителни трошоци обезбеден од Coca-Cola Company и без потреба од инсталирање на друг софтвер.

Секој корисник мора да поседува и своја сметка на платформата за игри на која се наоѓа играта за која сака да подигне подарок Xbox, Battle.net, или Activision.

*Податоци за Кредитни Картици - некои од нашите партнери може да побараат податоци за вашата кредитна картица за време на креирање на вашата сметка, меѓутоа ова барање не е поврзано со TCCC.

Во случај на технички потешкотии или други оправдани причини, The Coca-Cola Company го задржува правото да го одложи почетокот на кампањата за подигање на “in-game” виртуелен подарок и дополнително, по исполнување на сите технички и оперативни услови, да го објави точниот датум на почеток на кампањата.